Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59-та седница одржана на 14.01.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 09-848/1 од 04.02.2020 година, постоење на сомневање за судир на интереси по спроведена постапка за вработување по Јавен оглас бр. ------година за вработување на неопределено време од 19.12.2019 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, бидејќи веќе има постапено по предмет со слични со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 09-848/1 од 04.02.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 04.02.2020 година, поднесена е пријава постоење на сомневање за судир на интереси по спроведена постапка за вработување по Јавен оглас бр. --------- година за вработување на неопределено време од 19.12.2019 година, и оформен е предмет број 09-848/1 од 04.02.2020година.

Во пријавата, подносителот изнесува наводи кои се однесуваат на сомнежи за непотизам при вработување кустос биолог-зоолог во Национална установа --------------. Од ДКСК бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставен е доказ – пресуда на Основен суд во -------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите за што на 57-тата седница на ДКСК одржана на 17.12.2021 година е донесена одлука број 12-3262/2 од 17.12.2021 година.

Врз основа на претходно наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Горан Трпеноски**

Изготвил: С.М
Одобрил: СПД-член на ДКСК